АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Р... ...ерна Македон...
Локал... ...инска установ...
...узеј за регионот...
Бр... 08-1911
24.01 2025 год.
КАВАДАРЦИ

Архивски знак 0102
Рок на чување Трајно
25.03 2025 год.

ЈОУ Локален Вински Музеј за Регион Тиквеш - Кавадарци



ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

За Работата на ЈОУ Локален Вински Музеј за Регион Тиквеш – Кавадарци за 2024 година

КАВАДАРЦИ 2024 ГОДИНА



Општ Дел

ЈОУ Локален Вински Музеј за Регион Тиквеш- Кавадарци претставува специјализиран регионален музеј , прв од ваков тип во нашата држава.

Оваа Локална Културна институција во делот на заштитата на културното наследство во делот на Винарството и Лозарството има за цел да ја развива музејската дејност и културниот менаџмент во делот на презентацијата на културно-историското наследство во Тиквешкиот Регион.

Музејот на виното е непрофитна организација од областа на културата во Општина Кавадарци која има за цел да води културна грижа и културна едукација на сите посетители за едукација и запознавање со културните вредности што овој музеј ги поседува во делот на лозарството и винарството.

Имајќи ги во предвид зацртаните цели и инструменти за нејзино достигнување во Програмата за за Работа и Равој за периодот 2020 – 2024 се истакнуваат приоритетите кои што Локалната заедница треба да ги имплементира во развојот на музејската дејност.

ЈОУ Локален Вински Музеј за Регион Тиквеш-Кавадарци е институционален носител на целокупната музејска дејност во делот на винарството во цел регион на Винските Патишта и има за обврска да ја брши и развива музејската дејност во делот на заштитата на културното наследство.

Во исполнувањето на Годишната Програма за 2023 година, ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци ги следеше стратешките принципи кои произлегуваат од Програмата за развој на музејската дејност во Општина Кавадарци.

Имајќи ги во предвид историските факти кои биле процес во овој регион, оваа институција која го обединува цел Тиквешки Регион е носител на децентрализираниот модел на управување на богатото културно наследство за управување на културата и културното наследство.

Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци е институнационален носител на целокупната музејска дејност во делот на винарството и лозарството во цел Регион на Винските Патишта.

ЈОУ Локален Вински Музеј за Регион Тиквеш – Кавадарци, како Локална културна институција ја има една од главните цели и задачи што се основни за секој музеј и тоа : истражување, собирање, стручна и научна обработка на музејскиот фонд, негова заштита, презентација и објавување. Својата дејност музејот ја врши и преку организирање, односно презентирање на музејските предмети и материјал во изложби со постојан и времен карактер.

Непречено беа реализирани предвидените програмски активности од локален карактер, но и активности кои програмски не беа предвидени а се реализираа во соработка со други институции, здруженија на граѓани , фондации.

Се реализираа научно истражувачки проекти, изложби, проекти од издавачка дејност, капитални проекти.

Во ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци вработени се 7 извршители во сите четири објекти и тоа:

- Во Музејот на неопределено време ангажирани се двајца извршители (друг виш соработник во ЗКН и работник за прием на посетители), на определено време ангажирани се тројца извршители (ракувач на депо и документатор-техничар)
- Во Градска Винотека ДООЕЛ на определено време се ангажирани двајца извршители на работно место (продавачи на вино)
- Во Туристичко Информативно биро до 31.03 ангажирани двајца вработени на определено време
- Во Винотека Центар од 03.04 ангажирани се двајца вработени на определено време

Во 2024 година реализиравме голем број на настани во соработка со Градоначалникот и Локалната самоуправа (Кавадарци Street Fest 2024 година, Тиквешки Гроздобер 2024 , Нова Година 2024) со Општинските основни и средни училишта, невладини организации и здруженија на граѓани како и сродни институции од нашиот град како Дом на култура "Иван Мазов –Климе", Музичкото училиште "Лазо Мицев Рале" и други институции.

Вински Музеј беше отворен и за голем број на истражувачи, студенти и ученици на кои им помогнавме во изнаоѓање на материјали за нивните научно-истражувачки проекти, магистерски, дипломски и семинарски работи.

За работата на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш беше запознаена и пошироката јавонст во нашата држава преку бројни написи во дневните весници "Дневник", "Нова Македонија", "Кавадаречки Информатор",емисии на националните и локални ТВ станици, (Миа. Канал 5, Курир,) а исто така на социјалните мрежи и портали.

https://kanal5.com.mk/vo-vinski-muzej-kavadarci-13-iljadi-posetiteli-za-tri-ipol-godini/a639940

https://agrotim.mk/vinski-muzej-kavadarci-so-bazar-na-vino-i-rakija/

https://mia.mk/story/%D1%82%D0%B5%D1%80%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D1%82%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B8%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%B8-%D0%BE%D0%B4-%D0%B2%D0%B8%D0%BD%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%BE-%D0%BA%D0%B0%D0%BB%D0%B5-%D0%BF%D0%BE-%D0%B0%D0%BD%D0%B3%D0%BB%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B8-%D1%88%D0%BF%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-

%D0%BD%D0%B0-
%D0%B8%D0%B7%D0%BB%D0%BE%D0%B6%D0%B1%D0%B0-
%D0%B2%D0%BE-%D0%B2%D0%B8%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-
%D0%BC%D1%83%D0%B7%D0%B5%D1%98-
%D0%BA%D0%B0%D0%B2%D0%B0%D0%B4%D0%B0%D1%80%D1%86%D0%B8

https://mia.mk/story/%D0%B4%D0%B5%D1%82%D1%81%D0%BA%D0%B0-
%D0%BA%D0%BE%D0%BB%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-
%D0%B2%D0%BE-%D0%B2%D0%B8%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-
%D0%BC%D1%83%D0%B7%D0%B5%D1%98-
%D0%BA%D0%B0%D0%B2%D0%B0%D0%B4%D0%B0%D1%80%D1%86%D0%B8-%D0%BF%D0%B0%D1%80%D0%B8%D1%82%D0%B5-
%D0%BE%D0%B4-
%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%B0%D0%B4%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-
%D1%86%D1%80%D1%82%D0%B5%D0%B6%D0%B8-%D0%B2%D0%BE-
%D1%85%D1%83%D0%BC%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B0%D1%80%D0%BD%D0%B8-%D1%86%D0%B5%D0%BB%D0%B8

https://agrotim.mk/vo-vinski-muzej-kavadarci-realiziran-nastan-stanushinata-se-vraka-doma/

https://www.youtube.com/watch?v=rZYRv8bBgfQ

https://denesen.mk/deca-slikaat-za-da-pomognat-na-drugi-mladite-slikari-od-kavadarci-kje-gi-doniraat-parite-od-prodadenite-crtezi/?fbclid=IwY2xjawIG69RleHRuA2FlbQIxMQABHfsLo93xJRiMfdVhRctBSLWXTmZxfRh9rOoIUgmbffDU3lZznsMNiwbWzA_aem_rJlFX-myKa_pSNRbNec3OQ

https://kanal5.com.mk/janchev-kavadarci-dobi-ushte-edna-vinoteka/a633635?fbclid=IwY2xjawIEUVhleHRuA2FlbQIxMQABHRqMO8TTqEd98kDgkpVrlPEZSDwz0xLDCGEuOx0f-jZ-MGeV3x7c8zWU6A_aem_AP_5GELJ1OJDquR1-TIpNg

https://www.brif.mk/tikveski-grozdober-izlozba/?fbclid=IwY2xjawIG7xlleHRuA2FlbQIxMQABHRGjAks-fE6Q9mA3b_c9P700htjvfVY5c-HbOOEKx30mUXc7aPyFDYaXFw_aem_2VD7ajEP_eIXWXsmoHgtjg

Вински Музеј во 2024 има организирано и бил домаќин на повеќе од 20 настани а во рок од оваа една година Музејот го имаат посетено околу 4200 посетители од Македонија и од странство(Бугарија, Србија, Данска,Полска,Холандија,Словенија,Хрватска,Италија....)

Реализирани настани во Вински Музеј за регион Тиквеш- Кавадарци за 2024 година

04.02.2024 - Интернационална дегустација Св Трифун 2024 - оценување на мостри од вина. Организирано од здружението Винотек.



14.02.2024 – Отворање на изложбата **Теракотните Икони од Виничко Кале**. Пред многубројните посетители љубители на културата изложбата ја отвори Градоначалникот на Општина Кавадарци г-дин Митко Јанчев. На изложбата присуствуваа и Амбасадорот на Франција во Република Македонија, Претставници од Германската амбасада, пратеници, советници и културни работници.





15.02.2024 – Базар на вино и ракија во чест на св. Трифун.



21.03.2024 – Еколошка акција – заедно за природата, во соработка со СОУШУ Ѓорче Петров – Кавадарци. Учениците и вработените во Виниски музеј се вклучија во акција чистење на Градскиот парк и засадување Гинко дрвца.



03.04.2024 – Отворање на втора Винотека во Општина Кавадарци, Винотека Центар. Малите семејни винарии можат да го искористат овој објект за промоција на своите производи од грозје.





16.05.2024 - Туроператори од Данска, Франција, Германија и Холандија преку Sherpa Horse Riding и Васко Величковски проект финансиран од Швајцарската амбасада го посетија Виниски Музеј каде се запознаа со богатата

Винска култура во Тиквешкиот регион. Овие туроператори од повеќе земји од Европската Унија ги запознаваат убавините на Македонија, а ние како добри домаќини го презентиравме туристичкиот потенцијал во Тиквешијата и Кавадарци.





18.05.2023 – Беше одбележан 18 ти мај - Меѓународен ден на музеите, со културна програма и творби од Ликовните уметници од здружението „Роднокрајци“ заедно со најмалите. Целта е на овој ден да се подигне свеста на културните институции да се збогати културната понуда во делот на меѓусебното разбирање , соработка меѓу народите.



15.06.2024 - Винскиот Музеј и Музеј галерија Кавадарци го промовираа Драмскиот ораториум **„Ваташа“** од драматургот Зоран Пејковски, а познати актери маестрално ја изведија драматизацијата.




16.07.2024 – 17.07.2024 - Во соработка со Роднокрајци, во Вински Музеј Кавадарци се одржа хуманитарна **Мини ликовна детска колонија**, а во рамки на Кавадаречкиот Стрит фест.




25.08.2024 – Концерт на групата ФОЛТИН во соработка со Домот на култура „Иван Мазов - Климе", Кавадарци, а поддржан од Министерството за култура и туризам.



06.09.2025 – По повод четири години постоење на Вински Музеј, беше организирани изложба „Тиквешкиот Гроздобер низ годините", каде што беа

изложени фотографии и експонати од традиционалниот гроздоберски карневал уште од пред педесетина години.




07.09.2024 – Втора година по ред, Градоначалникот Митко Јанчев по повод Тиквешки Гроздобер 2024 во дворот на Вински музеј Кавадарци имаше прием на гости и делегации во пријатна атмосфера , добра музика и вкусна храна




15.10.2024 - Меѓународен ден на руралната жена во Кавадарци се одржа саем на локални производи,. Вкусот на традицијата" во организација на Комисијата за еднакви можности и ЗРЕ Визија.




23.10.2024 - На денот на македонската револуционерна борба, Виниски Музеј за регион Тиквеш беше домаќин на прославата на Унија на ветерани Кавадарци.



09.11.2024 - Виниски Музеј за, го посетија Lions Klub Tikvesh Кавадарци, кој е збратимен со Lions Klub Kaneli Италија, со иницијатива за побратимување на Општините Кавадарци и Капели.



14.12.2024 – Традиционалниот Гурмански Викенд по трт пат организиран од Виниски Музеј во соработка со Градоначалникот и Советот на Општина Кавадарци и овој пат привлече внимание на многу посетители, збогатен со вкусни специјалитети, музичка програма и многу насмевки.






20.12.2024 – Вински Музеј го посетија библиотекари од цела Македонија, кои имаа работна средба во нашата Библиотека "Феткин" Кавадарци.



27.12.2024 – Вински Музеј во соработка со Земјоделски институт Скопје, организираше настан „Станушината се враќа дома". Земјоделскиот институт донираще лабараториска опрема, но и конзервирана станушина од 50тите години од минатиот век.



16.12.2024 - 31.12.2024 - Учество на вработените од Виниски Музеј во Новогодишната Програма на Општина Кавадарци.



Во текот на 2024 година поточно во месец Април започна со работа Винотека Центар, која е подружница на Градска Винотека за која претходно се заврши сите административни процедури.

Освен продажба на вино и вински производи, во самата Винотека посетителите имаа можност да се запознаат и со Винската култура, традиција, историја, како и географското потекло .

Во самата Винотека се организираа и дегустации , промоции изложби со цел промоција на Винарството и Лозарството во Тиквешкиот Регион.

Кавадарци

24.01. 2025

Директор

Елизабета Ристова